Врз основа на член 40, став 2 од *Статутот* на политичката партија Левица, Президиумот на Левица, на својата II-ра седница, одржана на ден 29 февруари 2016 година, го донесе следниов

# Д Е Л О В Н И К
# ЗА РАБОТА НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕКТОРИ НА ЛЕВИЦА

**Член 1**
***Предмет на уредување***

(1) Со овој Деловник за работа се доуредува организацијата и функционирањето на Програмските сектори на Левица и одделенијата во нивен состав.

(2) За сè што не е предвидено со овој Деловник ќе се применуваат соодветните одредби од партискиот Статут, како и одредбите од Деловникот за работа на Централниот комитет.

**Член 2**
***Одделенија***

(1) Програмскиот сектор, во зависност од областите кои ги опфаќа и членството со кое располага, во својот состав може да формира свои посебни одделенија.

(2) Секторско одделение се формира од најмалку двајца членови на соодветниот ПС.

(3) Предлог за формирање одделение може да дадат и членовите на ПС, по што Координаторот на секторот ја доставува иницијативата на одлучување кај Президиумот.

(4) Президумот, во консултација со Координаторот на ПС, одлучува и за просторните и финансиски потреби на новоформираното одделение.

**Член 3**
***Средби***

(1) Со средбите на ПС раководи Координаторот на секторот.

(2) Со состаноците на Одделение, раководи Координаторот на одделението.

(3) Во случај на отсуство или спреченост на координаторите, тие навремено си избираат свој заменик кој ќе го координира Секторот, односно одделението за време на отсуството.

**Член 4**
***Известување***

(1) За работата и активностите на секторското одделение, Координаторот на одделението го информира Координаторот на секторот.

(2) За работата на ПС, Координаторот на секторот му поднесува извештај на Президиумот.

**Член 5**

***Заклучоци***

(1) Заклучоците на ПС се носат со релативно мнозинство.

(2) Координаторот на ПС го доставува заклучокот до Президиумот, заради верификација.

**Член 6**

***Влегување во сила***

Овој Деловник влегува во сила од денот на донесувањето.